Врз основа на член 20 од Уставот на Република Македонија и член 16 од Законот за политички партии,како и врз основа на Одлуката за формирање на политичка партија,Партијата за Европска Иднина,на својот трет редовен конгрес одржан на ден 27.12. 2008 година,го донесе следниот

# С Т А Т У Т
# НА ПАРТИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Партијата за Европска иднина е политичка партија,во која граѓаните се здружуваат слободно заради:

- Ширење на политичките и економските слободи и права на граѓаните,
- Ширење и заштита на политичките,економските,социјалните,и други права интереси и уверувања на своите членови,
- Учество во постапката за избор на советници во Општините,избор на пратеници во Собранието на Република Македонија,и учество во постапката за избор на председател на државата,и
- Освојување на власта.

Член 2

Името на Партијата е: **ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА**
Скратеното име на партијата е**: ПЕИ**
Седиштето на партијата е во Скопје на ул.”Dame Gruev”,3/2-4,1000 Скопје.

Партијата има свој печат во кружна форма,во кој полукружно во горниот дел го пишува името на партијата,во средината е заштитниот знак на Партијата за Европска иднина,а полукружно долу пишува: Скопје.

Член 3

Партијата има свој заштитен знак,партиско знаме,свечена песна како и партиска легитимација.

Заштитниот знак на Партијата за Европска иднина стилизирана карта на Европа во кружна форма.

Партиското знаме е во правоаголна форма,со две бои - сина и зелена во светли нијанси,одделени со 14 жолти звезди распределени дијагонално, а во долниот дел на знамето е напишано името на Партијата за Европска иднина .

Свечената песна на партијата е обработена верзија на песната - Џева

Партиската легитимација го содржи заштитниот знак на партијата како и потребните податоци за членот што ја поседува и служи како документ со кој се докажува припадноста на партијата.

Член 4

Партијата за Европска иднина може со посебна Одлука на Centralniot одбор да развива различни облици на соработка со други партии и организации со сродни програмски цели,од земјата и надвор од неа,да стапува во коалиции со други партии и организации од земјава и да членува во соодветни европски и светски организации.

## 1.ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Член 5

Основни цели и задачи на Партијата за Европска иднина се:
-Одбрана на интегритетот и суверенитетот на Република Македонија,
-Рамномерен развој на Македонското општество и држава,
-Признавање на уставното име на Република Македонија,
-Враќање на довербата на граѓаните во политичките партии,
-Забрзан развој на стопанството и економијата,
-Развој на демократските процеси во македонското општество,
-Развој на стопанството и туризмот и заштита на човековата околина,
-Заштита и унапредување на човековите права и слободи,
-Подршка на државата на нејзиниот пат кон целосна интеграција во европските и евроатланските економски,политички и безбедносни системи,
-Да биде партија на слободни и одговорни луѓе со граѓански дух,и да
-Биде Партија што се стреми кон достигнување на Европските норми и стандарди во сите сфери на живеењето.

Член 6

За остварувањето на целите и задачите од член 5 Партијата за Европска иднина,донесува партиска програма.

## 2.ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ПАРТИЈАТА

Член 7

Основа на организирањето на Партијата за Европска Иднина е членот.

Член на партијата се станува со потпишување на Пристапница.

Член 8

Пристапувањето и членувањето во партијата е лично право на лицето кое ги прифаќа нејзините програмски цели и статутарни норми.

Член на партијата може да стане секој полнолетен граѓанин на **РМ** без разлика на својата етничка припадност,пол,вероисповед и занимање,кој е државјанин на **РМ**,со постојано живеалиште во Република Македонија.

Член 9

Пристапницата за зачленување се поднесува до Партијата за Европска иднина,а членот ја доставува до: Општинската организација или седиштето на Партијата за Европска иднина,а комплетната евиденција на членството се води во седиштето на партијата.

Член 10

Членството на партијата се организира на територијална основа.

Територијалната основа на организирање на членството на партијата вклучува месни организации,општински организации и Републичка организација

Член 11

Доколку некое здружение,политичка или општествена организација и пристапи на партијата,нивните членови станувaат полноправни членови на партијата со потпишување изјава за пристапување или пристапница,а одлука за тоа донесува Централниот одбор на партијата.

Член 12

Членот на партијата ги има следните права,должности и одговорности:

- да учествува во активностите на Партијата за Европска иднина и тоа на сите нивоа на организирање,
- да дава предлози и мислења и да донесува свои ставови,
- слободно да ги изразува своите ставови и мислења во однос на органите и телата на партијата,
- да бира и да биде биран во органите и телата на партијата,
- да биде кандидиран за советник,пратеник и на други јавни функции,
- активно да учествува во остварувањето на целите,задачите и активностите на партијата,
- да биде информиран за активностите на партијата и на нејзините тела,
- да се ангажира за зголемување на бројот на членовите и симпатизерите на Партијата за Европска иднина,
- во политичкиот и општествениот живот да работи на остварување на програмата и статутот и да ги почитува одлуките и ставовите на органите на партијата,
- да го чува угледот и идентитетот на партијата,
- да дава предлози за непречена работа на органите и телата на партијата според потребите и своите можности,а
- и да има и поинаков став од мнозинството на партијата и да се залага преку легалните органи на партијата за афирмација на таквиот став,иако како обврзувачки важи мнозинскиот став.

Член 13

Членувањето во партијата за Европска иднина престанува со писмена изјава за истапување и по автоматизам со пристапување во друга политичла партија.Доколку член од Партијата за Европска иднина пристапи во друга политичка партија,а истиот е избран на некоја јавна функција по предлог / одн.кандидатура/ на Партијата за Европска иднина,изборната функција му престанува.Во тој случај се смета дека членот на партијата за Европска иднина кој бил избран на редовни или вонредни локални,парламентарни или председателски избори со пристапување кон друга партија или со преминување во независен политички субјект дал неотповиклива оставка на избраното место,и истиот е согласен на неговото место да бидат распишани нови избори.

## - 3.ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ

Член 14

Партијата за Европска иднина се организира на територијална основа

Член 15

Општинската организација на Партијата за Европска иднина е основна форма на организирање на членовите од територијата на една општина.

Општинската организација се формира со Одлука на Централниот одбор на Партијата за Европска Иднина.

Општинскиот Одбор на Партијата за Европска иднина,по потреба со Одлука основа Месни одбори.

Надлежностите,органите и начинот на работењето на Месните одбори се определуваат со Одлука на Централниот одбор.

Член 16

Органите на општинската организација на Партијата за Европска иднина можат да бидат распуштени со одлука на Централниот одбор,ако дејствуваат спротивно на Статутот и одлуките на Централниот одбор како и програмата на Партијата за Европска иднина.

Член 17

Органи на Општинската организација на Партијата за Европска иднина се:

- Собрание,
- Општински одбор,
- Извршен Одбор на Општинскиот одбор,и
- Надзорен одбор.

Член 18

Собранието на Општинската организација на Партијата за Европска иднина е највисок орган на Општинската организација.

Собранието на Општинската организација на Партијата за Европска иднина го сочинуваат сите членови од територијата на Општината,а доколку бројот на членовите е поголем од 300 ,определен број избрани членови на Собранието.

Бројот на членовите на собранието на Општинската организација се утврдува со посебна одлука на Општинскиот одбор.

Собранието на Општинската организација полноправно одлучува и работи,доколку се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови.

Член 19

Собранието на Општинската организација на Партијата за Европска иднина се свикува со одлука на Општинскиот одбор,но најмалку еднаш годишно.Одлука за свикување на Општинската организација може да донесе и Централниот одбор.

Член 20

Собранието на Општинската организација на Партијата за Европска иднина ги има следните`права,должности и одговорности:

- дејствува на остварувањето на Програмата на партијата во Општината
- ги разгледува основните политички прашања,документи и дејности на Партијата во општината,
- во согласност со програмската ориентација на партијата,утврдува насоки за работа на Општинската организација,
- води расправа за материјално финансиската состојба на општинската организација и извештаите на надзорниот одбор,
- формира работни тела и комисии,
- ги избира членовите на Општинскиот одбор,
- ги избира членовите на надзорниот одбор,
- донесува деловник за својата работа,
- врши и други работи и задачи кои произлегуваат од програмските активности,или се утврдени со закон,со други прописи и со овој статут,а
- собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните членови,доколку со овој статут не е утврдено поинаку.

Член 21

Општинскиот одбор брои од 15 до 25 члена.

Бројот на членовите на Општинскиот одбор на општинската организација на Партијата за Европска иднина se утврдува со одлука на Централниот одбор на партијата, а членови на Општинскиот одбор на

Општинската организација по функција се и Председателите на месните одбори на општинската младинска организација на Партијата за Европска иднина, на општинскиот актив на жени на ПЕИ, избрани пратеници,советници и градоначалникот на територијата на соодветната општина.

Член 22

Општинскиот одбор на Општинската организација на Партијата за Европска иднина ги има следниве права,должности и одговорности:

- избира Председател,Подпредседатели Секретар и Благајник на Општинскиот одбор,
- од своите редови избира Извршен одбор на Општинскиот одбор,
- избира делегати на Конгресот на Партијата за Европска иднина,
- предлага членови на Централниот одбор на **ПЕИ**,
- донесува одлука за оснивање на месни одбори,
- предлага правци за натамошна работа на Општинската организација
- предлага Годишен извештај за работата на Општинската организација,
- предлага на Републичкиот извршен одбор кандидати за Градоначалник и за членови на Советот на општината,
- му предлага на собранието на ОО финансиски план,
- ги прима пристапниците и изјавите за зачленување и ги доставува до Стручната служба на Партијата за Европска иднина,
- води евиденција на членството на Општинската организација,
- формира комисии и повремени работни тела,
- организира советување и други облици на консултации и договарања и дава предлози и иницијативи до Централниот одбор на **ПЕИ**,
- донесува одлука за основање Стручна служба на Општинската организација,
- врз основа на посебно овластување на Собранието на Општинската организација,одлучува за кадровски промени во својот состав од 10% од вкупниот број членови,
- донесува Деловник за својата работа,
- остварува и други права,должности и одговорности што ќе ги довери Собранието на Општинската организација,како и оние што произлегуваат од целите и задачите на партијата,а не се ставени во надлежност на друг со овој статут утврден орган,
- Општинскиот одбор одлучува со мнозинство од присутните членови,доколку бројот на гласови е еднаков тогаш гласот на Председателот е одлучувачки.доколку со овој статут не е на друг начин определено.

Член 23

Седниците на Општинскиот одбор ги свикува и со нив раководи Председателот на Општинскиот одбор,а во случај на негова спреченост,еден од подпредседателите кој ќе биде одреден од страна на Председателот.

Председателот е должен да свика седница на Општинскиот одбор во рок од 3 дена,доколку за тоа поднеле предлог повеќе од половината членови на Општинскиот одбор.

Во случај седницата да не биде свикана во предвидениот рок,неа ја свикува Извршниот одбор на Општинскиот одбор.

Член 24

Извршниот одбор на општинскиот одбор е извршен орган и ги врши оперативно-политичките работи.

Извршниот одбор брои од 5 до 10 членови.

По функција членови на Извршниот одбор се Председателот, подпредседателите и секретарот на Општинскиот одбор,како и председателот на Општинската организација на младината на Партијата за Европска иднина,и Председателот на Активот на жени на ПЕИ.

Член 25

Извршниот одбор ги има следните права,должности и одговорности:

- предлага ставови и заклучоци до Општинскиот одбор,
- утврдува нацрт-финансиски план,
- утврдува нацрт-извештај за работата на органите и телата на ОО ,
- утврдува нацрт правци за натамошна работа,
- подготвува предлог-одлуки од материјално-финансиски карактер,
- се грижи за работата на стручната служба на Општинската организација,
- ги спроведува одлуките и заклучоците на Општинскиот одбор,
- формира комисии и повремени работни тела,
- донесува деловник за работа,и
- врши и други работи што ќе му ги довери Општинскиот одбор,како и работи што произлегуваат од овој статут.

Извршниот одбор одлучува со мнозинство гласови од присутните членови,доколку со овој статут не е поинаку утврдено.

Член 26

Собранието на Општинската организација на Партијата за Европска иднина,го избира надзорниот одбор.Надзорниот одбор брои 3 члена кои ги избира собранието од редот на сопствените членови,а надзорниот одбор избира председател од редот на своите членови. Надзорниот одбор врши контрола врз спроведувањето на статутот и другите акти на општинската организација на партијата,го контролира спроведувањето на одлуките на Собранието,Општинскиот одбор и Извршниот одбор на Општинската организација,а по потреба остварува и контрола на финансиското работење на Општинскиот одбор.

## 4.ОРГАНИ НА ПАРТИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА

Член 27

Органи на Партијата за Европска иднина се:
-Конггрес,
-Централен одбор,
-Извршен одбор,
-Председател на партијата,
-Подпредседатели на партијата ,од 2 до 5.,
-Генерален секретар и
-Надзорен одбор.

## 4/1 СОБРАНИЕ НА ПАРТИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА

Член 28

Конгресот е највисок орган на Партијата за Европска иднина.
Конгресот го сочинуваат:
-Председателот на Партијата за Европска иднина,
-Подпредседателите на Партијата за Европска иднина,
-Генералниот секретар на Партијата за Европска иднина,
-Председателот на советот на интелектуалците на ПЕИ,
-Членовите на Централниот одбор на партијата,
-Пратениците на Партијата за Европска иднина во Собранието на Република Македонија,
-Членовите на Надзорниот одбор на Партијата за Европска иднина
-Председателите на Општинските одбори на партијата,
-Членовите на владата на Р.М.од редовите на Партијата за Европска иднина,
-Градоначалниците во единиците на локалната самоуправа од редовите на Партијата за Европска иднина,
-Членовите на Извршниот одбор на младината на партијата,
- Членовите на извршниот одбор на активот на жени на ПЕИ
-Избраните членови на советите на единиците на локалната Самоуправа од редовите на Партијата за Европска иднина,доколку Централниот одбор донесе посебна одлука за тоа,и
-Членовите што се избираат од Општинските организации на Партијата за Европска иднина,чиј број и постапка на избор се утврдува со посебна одлука на Централниот одбор,врз основа на предходно утврдени критериуми.

Времето на одржување на Конгресот со посебна одлука го утврдува Централниот одбор на партијата,а изборот и одповикувањето на делегатите на Конгресот се регулира со посебен акт на Конгресот.

Член 29

Конгресот на Партијата за Европска иднина се одржува по потреба, а најмалку еднаш на 4 години.

Конгресот го свикува Председателот на партијата,и со неговата работа до изборот на работно председателство раководи.

Конгресот го свикува Председателот на партијата,а врз основа на предходна одлука на Централниот одбор,како и по предлог или барање на повеќе од половината Општински организации на Партијата за Европска иднина како и по барање на 1/3 од делегатите на конгресот.

Конгресот работи според Деловникот за работа.

Конгресот се свикува со писмена покана,во која е содржан и предлогот за дневниот ред.

Член 30

Конгресот може полноправно да одлучува и да работи доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови.

Конгресот ги донесува одлуките со мнозинство гласови од присутните членови,доколку бројот на гласови е еднаков тогаш гласот на Председателот на партијата е одлучувачки.Одлуките од својата надлежност,како и изборот на органите,Конгресот ги врши по предходна расправа и по правило,јавно.Гласањето може да биде тајно доколку за тоа се донесе посебна одлука.за работата на Конгресот се води записник што го потпишуваат Председавачот на седницата и двајца заверувачи на записникот.

Член 31

Конгресот на Партијата за Европска иднина ги има следните права,должности и одговорности:

- Донесува Програма и Статут на партијата,
- Извршува измени и дополнувања на Програмата и статутот,
- Утврдува насоки за работа на партијата,
- Донесува и други акти утврдени со овој статут,
- Ги усвојува извештаите за работата на органите и телата на партијата,
- Ги утврдува принципите и критериумите за изборно кандидатските листи,
- Одлучува за промена на името,знакот и химната на партијата,
- Формира работни тела на Конгресот,
- Го избира Централниот одбор,
- Го избира Надзорниот одбор,
- Го избира Пре₺седателот на партијата,,
- Го избира работното председателство на Конгресот,
- Решава по жалбите и приговорите на членовите на партијата,како и за барањата кои се упатени до Конгресот,
- Донесува Деловник за својата работа ,

- Пренесува надлежности на други органи и тела на партијата,со важност до наредниот Конгрес,а
- Врши и други работи што произлегуваат од програмските определби или се утврдени со Закон,со други прописи или овој Статут,и
- Одлучува со мнозинство гласови од бројот на присутните членови, доколку бројот на гласови е еднаков гласот на Председателот е одлучувачки.

Член 32

Правата и должностите и одговорностите на Конгресот во итни случаи и вонредни околности ги врши Централниот одбор на партијата при што има обврска на првата наредна седница да го информира Конгресот за преземените активности.

Член 33

Централниот одбор го избира Конгресот на Партијата за Европска иднина и тој е највисок орган на партијата помеѓу два Конгреса.

Централниот одбор брои од 40 до 70 членови избрани од Конгресот на Партијата.По функција,членови на Централниот одбор се:

- Председателот, и Генералниот секретар на партијата,
- Градоначалниците и Пратениците избрани од ПЕИ,
- Именувани функционери и министри во владата на РМ од редовите на Партијата за Европска иднина,

Член 34

Централниот одбор одржува седници по потреба. Седниците на Централниот одбор се свикуваат по предлог на:

- Председателот на Партијата за Европска иднина,
- најмалку 1/3 од членовите на Централниот одбор,
- најмалку 1/3 од сите Општински одбори.

Со седниците на Централниот одбор председава Председателот на партијата,а во случај на негова спреченост,по негово овластување еден од подпредседателите на Партијата.Седниците на Централниот одбор се свикуваат со писмена покана во која е содржан и предлогот за дневен ред.

Член 35

Централниот одбор расправа,зазема ставови и донесува одлуки врз основа на јавно гласање.Гласањето може да биде и тајно,доколку за тоа се донесе посебна одлука,а Централниот одбор може да работи доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови,а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на седницата, а доколку пак бројот на гласовите е еднаков одлучувачки е гласот на Председателот.За секоја седница на Централниот Одбор се води записник што се усвојува на наредната седница.

Член 36

Централниот одбор на Партијата за Европска иднина ги има следните права,должности и одговорности:

- Расправа за актуелни состојби и движења сврзани со општествениот,политичкиот и економскиот развој на државата и утврдува ставови и заклучоци,
- Се грижи за реализација на програмските цели на партијата и за усвоените ставови и заклучоци,
- Утврдува предлог-извештај за работата на партијата,
- Усвојува финансиски план и Завршна сметка на Партијата за Европска иднина и го уредува начинот на финансиското работење на партијата за Европска иднина,
- Избира членови на Извршниот одбор од својот состав,
- Избира потпредседатели на Партијата,
- На предлог на Председателот на ПЕИ избира Генерален секретар,
- Избира председател на Советот на интелектуалците на партијата,
- Избира членови на Советот на интелектуалците на партијата,
- Донесува одлука за бројот на подпредседателите,
- На предлог на Председателот на партијата или најмалку 1/3 од членовите на ЦО донесува Одлука за распуштање на ЦО,за разрешување на потпредседателите и генералниот секретар,а Одлуката за разрешување се смета како донесена ако за неа гласале 2/3 од членовите на Централниот одбор,
- Го утврдува начинот на евиденција на членството,
- Донесува програма за развој на партијата и ширење на членството меѓу две собранија,
- Ги утврдува мерките и активностите за интерна комуникација во Партијата за Европска иднина,
- Донесува одлука за изборна кампања,
- Ги верифицира правилата за работа на пратеничката група на партијата за Европска иднина,
- Формира работни тела на партијата,
- Организира советувања и други облици на консултации и договарања,
- Решава по жалби на одлуките на извршните органи на општинските организации,
- Утврдува кандидатска листа на партијата за Европска иднина за изборите на пратеници,
- Ја верификува кндидатската листа за градоначалници и советници во единиците на локалната самоуправа,
- Одлучува за изборни договори или коалиции со други партии,
- Донесува одлуки и заклучоци што се од значење за непречена работа за унапредување на формите на дејствување на партијата,
- Врз основа на посебно овластување од Конгресот,како и на предлог на Председателот на партијата или 1/3 од Општинските одбори со 2/3 мнозинство од членовите на Централниот одбор одлучува за избор на нови членови на Централниот одбор на испразнети места предизвикани со напуштање,оставка и сл.случаи на напуштање на членството во ПЕИ, до одржување на ново собрание на партијата,

- Ја пропишува висината на членарината и начинот на прибирање на истата,
- Донесува одлуки за посебно организирање на членството,
- Ги утврдува начините и формите на финансирање на партијата,
- Донесува деловник за својата работа,
- Донесува одлуки за основање посебни служби,
- Основа работни тела за разгледувања на прашања од својата надлежност-одбори,комисии,проектни групи и сл.,и
- Одлучува за други прашања сврзани со работата на Партијата за Европска иднина,кои со статут или со друг акт не се ставени во надлежност на друг орган,како и работи кои со посебна одлука ќе му ги довери Конгресот на Партијата за Европска иднина.

Член 37

Во извршувањето на правата и должностите Централниот одбор е одговорен пред Конгресот . Конгресот на партијата за Европска иднина може по предлог на Председателот или 2/3 од вкупниот број на членови на конгресот,да го одповика Централниот одбор.Предлогот за одповикување на Централниот одбор или одделен негов член мора да биде во писмена форма.

Одлуката на Собранието за разрешување се смета за донесена ако за тоа гласале 2/3 од членовите на Конгресот. Предлогот за разрешување и Одлуката за разрешување се донесуваат во писмена форма.

## 4/2 ИЗВРШЕН ОДБОР

Член 38

Извршниот одбор е извршно-политички орган на ЦентралниотОдбор на Партијата за Европска иднина.Извршниот Одбор брои од 10 до 20 членови.по функција членови на извршниот одбор се:

-Председателот на Партијата за Европска иднина,и

-Подпредседателите и генералниот секретар на партијата.

-Избрани и наименувани функционери од Владата на РМ

Член 39

Седниците на Извршниот одбор го свикува и со нив раководи Председателот на партијата за Европска иднина.Седницата на Извршниот одбор може да се свика по предлог на :

- орган на партијата,и
- најмалку 1/3 од неговите членови.

Член 40

Извршниот одбор може полноважно да работи и да одлучува,доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови.Извршниот одбор своите одлуки ги донесува со јавно гласање,со мнозинство гласови од присутните членови,доколку бројот на

гласови е еднаков одлучувачки е гласот на председателот.За работата на седниците на извршниот одбор се води записник што го потпишува Председателот на партијата за Европска иднина и записничарот и се усвојува на следнатsа седница.

Член 41

Извршниот одбор ги има следниве права,должности и одговорности:

-Ги гради и реализира политичките ставови на партијата,

- На предлог на Председателот на Партијата избира секретар на ИО,

-Утврдува Нацрт-Статут и други документи што ги донесува Конгресот и Централниот одбор,

-Утврдува нацрт-извештај за работата на партијата за Европска иднина,

-Му предлага ставови и заклучоци на Централниот одбор на партијата за Европска иднина,

-Ги реализира ставовите и заклучоците на Централниот одбор,

-Го следи спроведувањето и начинот на кој се води евиденција на членството,

-Ја следи интерната комуникација во партијата,

-Ја организира и контролира Стручната служба на партијата,

-Донесува акти за извршување на обврските од работниот однос на работниците во Стручната служба на Партијата за Европска иднина,

-Ги реализира ставовите и заклучоците на Централниот одбор,

-Го следи спроведувањето и начинот на кој се води евиденција на членството ,

-Утврдува конечна листа за локални,парламентарни и председателски избори,и

-Избира Координатор на пратеничка група,од составот на пратениците.

-За своите потреби,а на предлог на Претседателот,Извршниот одбор со мнозинство на гласови од своите членови, избира секретар на Извршниот одбор.

Член 42

Извршниот одбор се избира на предлог на Претседателот на Партијата со 2/3 мнозинство од членовите на Централниот одбор.

За својата работа Извршниот одбор е одговорен пред Централниот Одбор на Партијата за Европска иднина.Централниот одбор на партијата може да го одповика Извршниот одбор или одделен негов член.Предлог за одповикување на Извршниот одбор може да поднесе Председателот на Партијата за Европска иднина или пак најмалку 1/3 од вкупниот број на членови на Централниот Одбор.Предлогот за тоа мора да биде доставен во писмена форма.Одлуката за тоа е конечна и се доенсува со 2/3 мнозинство и во писмена форма.

## 4/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПАРТИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА

Член 43

Председателот е политичко-извршен орган на партијата.

Председателот го избира Конгресот на партијата со мнозинство гласови од присутните членови на седницата на собранието.Во случај кога Председателот е избран на функција од државен карактер,мандатот му мирува,а работите сврзани со неговата функција во партијата,по предлог на председателот ги извршува еден од Подпредседателите,за што посебна одлука,на предлог на Председателот на партијата, донесува Централниот одбор на партијата.

Член 44

Председателот на партијата за Европска иднина ги има следените права,должности и одговорности:

- Свикува седници на Конгресот,на Централниот одбор и на Извршниот одбор на Партијата за Европска иднина,
- Ја спроведува политиката на Партијата,
- Ја преставува и застапува партијата за Европска иднина во земјата и странство,
- Ја предлага кадровската политика на партијата,
- Го координира функцинирањето на партијата,
- Се грижи за спроведување на одлуките,заклучоците и другите акти на партијата,
- Потпишува акти,
- Предлага програми за развој на партијата помеѓу две собранија и ширење на членството,
- Предлага начини и форми за дејствување на преставниците на партијата за Европска иднина во законодавната и извршната власт,
- Предлага мерки и активности за интерна комуникација во партијата,
- Предлага начини и форми на финансирање на партијата,
- Предлага изборна кампања,
- По предлог на Општинските организации,Централниот одбор и по свое мислење,врши селекција и предлага на Извршниот одбор за утврдување конечна листа на кандидати за локални,парламентарни и председателски избори,
- Предлага кандидати за членови на Извршниот одбор,
- Предлага кандидати за подпредседатели на одбор,
- Му предлага на Централниот одбор кандидат за генерален секретар и Секретар на Извршниот одбор на Партијата,а
- Во определени случаи,ангажира стручни лица од одредени области за помош во извршувањето на својата функција,
- И врши и други работи што ќе му ги доверат Конгресот на партијата за Европска иднина и Централниот одбор на партијата,или се утврдени со Закон или со овој Статут.

Член 45

Функцијата на Председателот на Партијата за Европска иднина престанува:
- по негово барање,и
- Со разрешување од Конгресот на Партијата.
- Одлуката за разрешување се носи со 2/3 мнозинство.

## 4/4 ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

Член 46

Централниот одбор на предлог на Претседателот на Партијата со мнозинство гласови од присутните членови на седницата избира потпредседатели,а со посебна Одлука бројот на потпредседателите го утврдува Централниот одбор но тој не може да биде повеќе од пет.

Член 47

Потпретседателите ги имаат следните права,должности и одговорности:
- Да му помагаат на председателот на Партијата по негово барање
- Се грижат за реализација на Програмата на партијата,
- Се грижат за работата на органите и телата на партијата ,
- Се грижат за операционализација на донесените ставови и заклучоци,
- Се грижат за програмата за развој на партијата помеѓу два конгреси на Партијата за Европска иднина и за ширење на членството,
- Се грижат за спроведување на начините и формите на евденција на членството,
- Се грижат за спроведување на интерната комуникација во партијата ,
- Се грижат за начините и формите за финансирање на партијата,
- Се грижат за спроведување на изборната кампања,
- Во случај на одсутност или спреченост на председателот,ги потпишуваат актите што ги донесуваат Конгресот на партијата за Европска иднина, Централниот одбор на партијата или извршниот одбор.

Член 48

Функцијата на Потпредседателот може да престане,
- по негово барање,
- Со разрешување од Централниот одбор.предлог за разрешување на потпредседателот може да поднесе:
- Орган на партијата,или
- Најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Централниот одбор.
- Одлуката за зазрешување се носи со 2/3 мнозинство

## 5. ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

Член 49

Генералниот секретар го избира Централниот одбор на предлог на Председателот на Партијата за Европска иднина.

Член 50

Генералниот Секретар ги има следните права,должности и одговорности:

- Да му помага на Председателот на партијата по негово барање и задолженија,
- Ги подготвува седниците на Конгресот,на Централниот одбор и на Извршниот одбор на Партијата за Европска иднина,
- Контактира со Општинските одбори на партијата,
- Ги координира активностите за спроведување на одлуките заклучоците и ставовите на Конгресот на Централниот одбор и Извршниот одбор на партијата,
- Предлага мерки и активности за работата на партијата,
- Врши и други работи што ќе му ги доверат Председателот,Централниот и Извршниот одбор на партијата за Европска иднина,или пак се утврдени со овој статут.

Секретарот на Извршниот одбор ги има следните права и должности:

- Ја следи работата на извршниот одбор,води и подготвува писмени Записници за седниците,
- Води организациона евиденција за број на членови,начин на збирање и евидентирање на членарина,
- Се грижи за спроведување на заклучоците и Одлуките на ИО,
- Изработува писмени предлози на Одлуки и Заклучоци предложени од ИО и ги доставува истите до Централниот одбор на донесување,
- Врши и други работи кои ќе му ги довери Извршниот одбор на партијата,или кои се утврдени со овој Статут.

Член 51

Функцијата на Генералниот Секретар му престанува,

- по негово барање ,или
- Со одлука на Централниот одбор по барање за разрешување поднесено од Председателот на Партијата или по предлог на 1/3 од члленовите на Централниот одбор. Одлуката за разрешување се смета за донесена ако за неа гласале 2/3 од членовите на централниот одбор.

## 5.1.НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 52

Надзорниот одбор има 3 членови кои ги избира Конгресот на партијата од редот на своите членови.Претседателот на надзорниот одбор го избира Одборот од редот на своите членови.Надзорниот одбор ги има следните права,должности и одговорности:

-Врши контрола врз спроведувањето на Статутот и другите акти на партијата,

-Го контролира спроведувањето на одлуките на конгресот ,на Централниот и Извршниот одбор на партијата,

-по потреба остварува контрола и поднесува извештај за прибирањетѕо,користењето и располагањето со средствата на партијата,

-врши вонредна контрола врз основа на заклучок на Конгресот н,на Централниот и Извршниот одбор,

-остварува и други права,должности и одговорности што се утврдени со закон.

Член 53

Надзорниот одбор или одделни негови членови можат да бидат разрешени и пред истекот на мандатот поради неактивност,несовесно или нестручно извршување на доверените права,должности или одговорности. Предлог за разрешување на Одборот или на одделни негови членови може да го поднесе орган на партијата,и истиот мора да биде во писмена форма,да биде образложен и поткрепен со соодветни материјални докази.Одлуката на конгресот за разрешување на Одборот или на одделен негов член е конечна и се донесува во писмена форма.

## 5.2. СОВЕТ НА ИНТЕЛЕКТУАЛЦИ НА ПАРТИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА

Член 54

Советот на интелектуалците на партијата го избира Централниот одбор на партијата со мнозинство гласови од присутните членови на седницата.Бројот на членовите на советот и неговиот состав ги утврдува Централниот одбор.

Член 55

Советот е советодавно тело на Председателот,Централниот и извршниот одбор на партијата за Европска иднина,составен од членови на партијата и истакнати јавни личности кои не мора да се членови на партијата.Советот дава мислења,ставови и предлози за прашањата од стратегиско значење за развојот на партијата за Европска иднина,општеството и државата.Советот работи во согласност со своја програма и Деловник.

Член 56

Мандатот на член на советот може да престане,

- по негово бартање,или
- доколку го разреши Централниот одбор пред истекот на мандатот .Предлог за разрешување на член на Советот поднесува:
- Орган на партијата,или
- Најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Централниот Одбор.

## 5.3 ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ИНТЕЛЕКТУАЛЦИТЕ

Член 57

Председателот на Советот го избира Централниоте одбор на Партијата за Европска иднина со мнозинство гласови од присутните членови на седницата.

Член 58

Председателот на Советот ги има следните права,должности и одговорности:

- Ги сфикува и раководи со седниците на Советот,
- Учествува во работата на органите и телата на партијата,
- Предлага кандидати за членови на советот,
- Предлага потпредседатели на советот,
- Предлага платформа и програма за работа на советот,
- Предлага мерки од стратешко значење за партијата,
- Предлага начин и форма на дејствување на преставниците на партијата во законодавната и извршната власт,и
- Врши и други работи кои што ќе му ги доверат Конгресот на партијата за Европска иднина и Централниот одбор на партијата или кои произлегуваат од овој статут.

Член 59

Функцијата на Председателот на Советот може да престане,

- по негово барање,или
- доколку собранието го разреши пред истекот на мандатот.предлог за разрешување на Председателот на Советот можеда поднесе,
- орган на партија ,или
- најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Конгресот.

## 5.4.ПРАТЕНИЦИ НА ПАРТИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА

Член 60

Пратениците во Собранието на Република Македонија од Партијата за Европска иднина,како и оние пратеници кои со согласност на Централниот одбор на партијата ќе преминат во нејзините редови,формираат пратеничка група заради координирање на своето дејствување во собранието на Република Македонија.

Член 61

Членовите на пратеничката група на партијата за Европска иднина од својот состав предлагаат на Извршниот одбор координатор и заменик-координатор на пратеничката група на партијата.пратеничката група на партијата донесува Деловник за своето работење кој го потврдува Извршниот одбор.

## 6.МЛАДИНА НА ПАРТИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА

Член 62

Во рамките на партијата,како политички подмладок дејствува младината на Партијата за Европска иднина.Целите,задачите и принципите на организирањето се регулираат со Програма и правила за работа на младината на партијата,а во согласност со Програмските определби и Статутот на партијата.

## 6.1.АКТИВ НА ЖЕНИ НА ПЕИ

Член 63

Во рамките на Партијата за Европска иднина,како политички актив,дејствува Активот на жени.Целите,задачите и принципите на организирањето Активот ги исполнува со своја програма и деловник за работа,во согласност со Програмата и Статутот на партијата за Европска иднина.

Поаѓајќи од принципот на еднаквоста и рамноправноста како и од Законските Решенија,жените во органите и телата на партијата ќе бидат соодветно застапени согласно Законските решенија.

## 7.СТРУЧНА СЛУЖБА

Член 64

Партијата за Европска иднина има своја стручна служба која ги извршува стручно-оперативните и другите работни задачи што се во интерес на целите,активностите и задачите на партијата.

## 8.КОНТРОЛА ВРЗ РАБОТАТА НА ПАРТИЈАТА

Член 65

Контрола врз работата на партијата вршат нејзините органи и членови,на начин утврден со овој Статут,а контрола над законитоста на работењето на партијата,во согласност со законските норми,вршат и надлежните служби во република Македонија.

Член 66

Членовите на партијата имаат право на контрола врз работењето на партијата за Европска иднина непосредно преку Надзорниот одбор.

## 9.ПРЕСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ПАРТИЈАТА
### 9.1 ПРЕСТАВУВАЊЕ НА ПАРТИЈАТА

Член 67

Партијата ја преставува Председателот.

По негово овластување или во случај на одсутност,партијата ја представува еден од потпредседателите,што предходно ќе го овласти Председателот на партијата.

Член 68

Председателот ја представува партијата пред:

- Субјектите што се непосредно заинтересирани или можат да придонесат за успешно остварување на целите и задачите на партијата,
- Меѓународните субјекти што соработуваат со партијата и нивните официјални органи и делегации,
- Представниците од другите држави што соработуваат со партијата или пројавуваат интерес за соработка.

Член 69

Како преставник на партијата,Председателот нема право да одстапува од целите и задачите на партијата како и програмските насоки и ориентации утврдени од страна на Конгресот.

## 9.2.ЗАСТАПУВАЊЕ НА ПАРТИЈАТА

Член 70

Партијата ја застапува Претседателот во рамките на нејзините цели и задачи и во границите на своите овластувања утврдени со овој Статут.

## 10.СРЕДСТВА НА ПАРТИЈАТА,НАЧИН НА НИВНО СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ.

Член 71

За остварувањето на своите цели и задачи,партијата стекнува средства,одн.определени права на средства и со нив располага во согласност со овој Статут и закон.

Член 72

Партијата стекнува парични средства,предмети и материјални добра што се обезбедуваат :

-членарина,доброволни прилози,приходи,сопствен имот,кредити, подароци,дотации,легати и од Буџетот на РМ.

Член 73

Стекнувањето,користењето и располагањето со средствата на партијата се врши на начин утврден со општите прописи,со законот за политичките партии и со овој Статут.

Член 74

Средствата на партијата можат да се користат само за намени утврдени со финансиски план,и врз основа на соодветен документ.Наредбодавач за извршување на финансискиот план во согласност со правата обврските и одговорностите утврдени со Закон е Претседателот на партијата за Европска иднина .Во ситуација кога е спречен Председателот должностите од предходниот став ги извршува овластениот Потпредседател.

## 11.ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ЗА РАБОТАТА НА ПАРТИЈАТА

Член 75

Партијата за Европска иднина обезбедува известување на јавноста преку:

-Обезбедување непречено присуство на нејзините членови и на другите заинтересирани лица на седниците на нејзините органи и тела,
-Достапност на извештаите и другите материјали во врска со работата на партијата до членовите и другите заинтересирани лица,како и нивно доставување до јавноста,
-издавање свој партиски весник,
-издавање билтени и други публикации,
-Организирање ПРЕС конференции,
-Издавање соопштенија за јавноста,
-Непосредно настапување на овластени претставници на партијата преку средствата за јавно информирање,
-други начини што овозможуваат навремено и вистинско известување на јавноста за работата на партијата.

## 12.ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ПАРТИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА И РАСПОЛАГАЊЕ СО НЕЈЗИНИОТ ИМОТ ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК

Член 76

Партијата може да престане со работа доколку:
-за тоа со 2/3 мнозинство одлучи Конгресот на партијата,
-бројот на нејзините членови се намали под бројот определен со законот за Политички партии,
-Конгресот утврди дека партијата не ги извршува своите цели и задачи,и
-настапи било која од причините утврдени со Законот за политички партии за забрана на работата на партијата.

Член 77

Постапката за престанок или забрана за работа на партијата ја покренуваат и водат и во врска со тоа одлучуваат надлежните органи утврдени со закон.

Член 78

Кога партијата ќе престане со работа,средствата што остануваат по исполнувањето на нејзините обврски се пренесуваат во Буџетот на Република Македонија или на Црвениот крст на РМ.

## 13.ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА ПАРТИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА

Член 79

Иницијатива за измени и дополнувања на Статутот може да покрене секој член,орган или тело на Партијата за Европска иднина.

Член 80

Иницијативата за измени и дополнувања на Статутот се поднесува во писмена форма до Централниот Одбор на партијата и таа мора да содржи образложение за причините поради кои се подснесува,како и содржината на измените и дополнувањата кои се предлагаат.

Член 81

Врз основа на поднесените иницијативи и предходно водената јавна расправа по Нацртот на Одлуката,Централниот одбор на Партијата за Европска иднина утврдува предлог одлука за измени и дополнувања на Статутот и ја упатува за донесување на Конгресот на партијата.За неприфатените иницијативи и причините за тоа Централниот одбор ги известува подносителите,коиимаат право да се обратат на Конгресот за расправа и за произнесување околу постоењето причина за измени и дополнувања на Статутот.

## 14.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 82

Мандатот на членовите на органите и телата на Партијата за Европска иднина трае 4 години со право на повторен избор.

Член 83

Толкување на одредбите на овој статут дава Централниот одбор на партијата.

Член 84

Овој Статут влегува во сила наредниот ден по неговото донесување.

**КОНГРЕС на**
**ПАРТИЈАТА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ________________**
/ Цаноски Фијат /